NLB Banka

**Кодекс за финансирање на жени претприемачи**

**Писмо за приклучување кон Кодексот**

НЛБ Банка АД Скопје со гордост го поддржува Кодексот за финансирање на жени претприемачи (во понатамошниот текст: „ Кодексот “), глобална иницијатива која има за цел да го намали финансискиот јаз и да ги отстрани бариерите за микро, мали и средни претпријатија (ММСП) во сопственост на жени и водени од жени. Како потписник на Кодексот, НЛБ Банка АД Скопје се обврзува да соработува со националните партнери, да обезбеди лидерство, да ги зајакне системите за податоци и да преземе конкретни активности за економско зајакнување на жените и унапредување на родовата еднаквост во финансискиот сектор.

Како потписник на Кодексот, почнувајќи од 2026 година, НЛБ Банка АД Скопје се обврзува да ги спроведе следниве активности во рамките на трите столба на Кодексот:

**Заложби за лидерство:**

- Ја именуваме Катерина Јанковиќ, член на Управен Одбор на НЛБ Банка АД Скопје, како лидер за Кодексот, која ќе ги предводи и претставува активностите на нашата институција во рамки на Кодексот.
- НЛБ Банка се обврзува да ја унапреди застапеноста на жените на високи раководни позиции.
- НЛБ Банка се обврзува да интегрира сеопфатни податоци за родовата еднаквост и женското претприемништво во својот Годишен извештај, со цел поддршка на инклузивниот раст.

**Заложби за податоци:**

- НЛБ Банка ќе ја користи таблата на податоци на Кодексот за насочување на стратегијата, дизајнот на производи и процесот на донесување одлуки.
- НЛБ Банка ќе собира и известува полово поделени податоци за бројот и вредноста на депозитите на клиенти ММСП.

**Заложби за активности:**

- НЛБ Банка ќе спроведува обуки и активности за јакнење на капацитетите на кредитните службеници за полово одговорно кредитирање, со цел подобрување на услугите за оваа целна група.
- НЛБ Банка се обврзува да развие и пласира прилагоден финансиски производ за ММСП во сопственост или водени од жени.
- НЛБ Банка ќе реализира активности за информирање, обука и менторство со цел да ги зајакне, поврзе и унапреди финансиската писменост на жените претприемачи.

Во прилог на ова писмо се доставува листа на сите обврски со рокови за спроведување и индикатори за следење на напредокот.

Со нетрпение очекуваме да соработуваме со нашите партнери во Националната коалиција на Кодексот за финансирање на жени претприемачи, со цел да постигнеме видливо и одржливо влијание за жените претприемачки во Северна Македонија.

**Со почит,**

НЛБ Банка АД Скопје

Бојан Стојаноски
Член на управен одбор

______________________________

Катерина Јанковиќ
Член на управен одбор

______________________________

Скопје, 27.02.2026